ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 7/2018
30.01.2018 год.
СКОПЈЕ

Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 27.12.2017 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов **„Влијанието на владината кампања за абортусот спроведена во периодот од 2009 до 2013 година врз населението од урбаните делови на Скопје"**, поднесена од кандидатката Виолета Михајловска, во состав: Проф. д-р Катерина Колозова, Проф. д-р Магодолна (Дона) Колар-Панова и Доц. д-р Елизабета Баковска.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научно-наставиот совет го поднесува следниов:

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Библиографска белешка за кандидатката

Виолета Михајловска е родена на 24.09.1977 година во Гевгелија, Македонија. Во 2013 година дипломирала на Институтот по родови студии на Филозофскиот Факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј.

Од 2007 до денес е вработена во Општина Карпош, во Сектор за поддршка на Градоначалникот како соработник за организирање на активностите на Градоначалникот, а од 2013 година била назначена за координатор за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

## 2. Кус опис на трудот

**2.1** Предметот на овој труд е да истражи и да ги прикаже ефектите што ги постигна кампањата за многудетно семејство, односно кампањата против абортусот, која Владата на Република Македонија ја спроведуваше во периодот од 2009 до 2013 година, преку медиумите и Јавниот информативен сервис.

**2.2 Целта** на авторката на овој труд е да ги документира и да ги објасни ефектите на владините кампањи врз разбирањето на правото на абортус и перцепцијата на чинот на абортусот, врз урбаното женско население од главниот град Скопје.

**2.3 Структура на трудот**

Магистерскиот труд на Виолета Михајловска, **„Влијанието на владината кампања за абортусот спроведена во периодот од 2009 до 2013 година врз населението од урбаните делови на Скопје"**, е напишан на македонски јазик и опфаќа 66 страници, од кои 50 се основен текст на тезата, а останатите се анекси и користена литература.

Трудот е составен од следните поглавја:

1. **Вовед**
2. **Теориска рамка**
3. **Истражувачки дел**
4. **Заклучок**
5. **Прилози**

Во **Воведот** кандидатката дава еден осврт во поглед на абортусот односно прекинувањето на несаканата бременост и кампањата што ја водеше Владата на Р.М. во периодот од 2009 до 2013. Во воведниот дел е вклучен и Контекстот во кој се разгледува прашањето за абортусот, опишан најпрво преку анализа на самиот абортус, како начин на прекинување на несаканата бременост, но и историските и медицинските аспекти на абортусот, како и неговата практика во минатото и сега.

Во поглавјето **Теориска рамка**, Михајловска го претставува историјатот на абортусот, односно како и кога прекинот на бременоста почнува да се забранува или ограничува со помош на легислативата. Во теориската рамка е вклучен и делот за абортусот низ филозофските дебати, разгледувајќи ги и аргументациите во поглед на тоа дали тоа е филозофско прашање или пак прашање од аспект на човековите права, какви се моралните импликации, а следствено на тоа и дали, кога, од кој период од бременоста фетусот може да се смета за човечко суштество. Посебен осврт е даден на етиката на филозофот и биоетичарот Питер Сингер во поглед на абортусот кој не го брани абортусот безрезервно аргументирајќи дека постојат ситуации во кои го поддржува абортусот и ситуации во кои не се согласува со него, а тоа зависи од

тежината на страдањето. Во овоа поглавје се обработуваат и деловите за абортусот и религијата и абортусот низ феминистичката призма. Последните делови од поглавјето се однесуваат на абортусот во легислативата и правото на абортус во земјите од регионот и Р.Македонија, и улогата на медиумите во кампањите кои се однесуваат на прекинот на бременоста.

Во поглавјето **Истражувачки дел** обработени 5 дела и тоа: Истражувачката тема, Истражувачките прашања, меѓу кои се вклучени: Кога почнува човечкиот живот: во матката на мајката, веднаш по породувањето или подоцна? (Ова прашање се однесува на доминантните перцепции во општеството во поглед на ова прашање, а кандидатката не претендира самата да даде дефинитивен одговор на ова метафизичко прашање.) Дали е потребно легализирање на абортусот како постапка за прекинување несакана бременост и како тоа нема да навлегува во основните човекови слободи и права? Дали медиумите имаат моќ да влијаат врз мислењето и ставовите кај луѓето? Дали медиумите се алатка на владините политики? Дали антиабортус кампањата успеа да им го смени ставот на луѓето од една урбана средина како што е Општина Карпош? Какви пораки до населението пратија видеоспотовите од кампањата „Избери живот, имаш право на живот“? Какви емоционални последици предизвика кампањата кај населението?

Понатаму се деловите за: Методите на истражување, Содржина на видеоспотовите и нивните пораки и Извештај од истражувањето.

Во **Заклучокот,** Михајловска потенцира дека историските податоци покажуваат дека абортусот како практика постоел и ќе постои. Исто така, дебатата во врска со правото на жената на избор и правото на фетусот на живот се чини дека никогаш нема да заврши. Ставањето на абортусот во правните рамки и легислативниот систем на државите е важно за секое општество, но мешањето на религијата, конзервативизмот и политичките идеологии во самиот процес на озаконување, во голема мера може да значи и несакано интервенирање во нешто што се смета за лично и интимно право, особено што тоа може да доведе до зголемување на бројот на небезбедни абортуси.

Во овој дел се обрнува и внимаие и на медиумите бидејќи согласно добиените резултати се заклучува дека медиумите, а особено телевизијата, имаат огромна моќ да влијаат врз креирањето ставови кај луѓето.

### 3. Заклучни констатации и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд **Влијанието на владината кампања за абортусот спроведена во периодот од 2009 до 2013 година врз населението од урбаните делови на Скопје,** поднесен од кандидатката Виолета Михајловска дава научен придонес во областа на родовите студии.

Трудот е структуриран на јасен и прегледен начин, и е поткрепен со релевантна библиографија. Со него, кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки потребни за изработката на самостоен научен труд. Спровела преглед на основните теориски полемики на оваа тема, при што применила воздржан критички приод без да невлегува во философска полемика со секоја од тезите. Успешно ја применила интердисциплинарноста својствена на родовите студии комбинирајќи ги социологијата и комуниколошките студии. Придонесот за научната дебата во земјата се состои во сознанието што овој труд го донесува: кај урбаното женско население во предоминантно етнички македонски средини, чиј репрезентативен пресек го сочинуваат испитаничките од Општина Карпош, кампањата не влијаела на ставот дека правото на жената да одлучува за своето тело е неприкосновено и неотуѓиво, дури и кај испитаничките кои ја доживеале позитивно.

Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Виолета Михајловска под наслов **Влијанието на владината кампања за абортусот спроведена во периодот од 2009 до 2013 година врз населението од урбаните делови на Скопје.** Комисијата има чест да

му предложи на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје да ѝ одобри јавна одбрана на кандидатката.

Скопје, 30.01.2018

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Катерина Колозова, редовен професор, членка на комисијата**

_______________

2. **Д-р Магдолна (Дона) Колар-Панова, редовен професор, членка на комисијата**

_______________

3. **Д-р Елизабета Баковска, доцент, членка на комисијата**

_______________